**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
Бул. „Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје; тел/факс. +389 2 3230 635;

www.privacy.mk

# П Р О Г Р А М А
## за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2015 година

**Бр. 01-3555/1**
**29.12.2014 година**

## I. ВОВЕД

Во Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11 и 43/014) е утврдено дека Дирекцијата за заштита на личните податоци (Дирекцијата) врши надзор над законитоста на преземените активности при обработка на личните податоци и нивната заштита на територијата на Република Македонија. Со законот се гарантира заштитата на личните податоци и правото на приватност и истиот е целосно усогласен со правото на Европската Унија. Во текот на 2014 година Дирекцијата за заштита на личните податоци предложи изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци што е во функција на имплементирање на новите решенија од новата Генерална регулатива за заштита на личните податоци и од модернизираната Конвенција.

Во 2011 година е донесена Стратегија за развој на заштитата на личните податоци во Република Македонија за периодот 2012-2016 година со Акциски план како среднорочен документ за развојот на Дирекцијата. Во 2014 година е направена ревизија на Акцискиот план и истиот е изменет и дополнет. Во 2012 година е донесена и Комуникациска стратегија за заштита на личните податоци за периодот 2012-2016 година.

Дирекцијата во текот на 2014 година доби сертификат за системот за управување со квалитет според ИСО 9001:2008.

На годишна основа Дирекцијата изготвува програми за работа кои ги објавува на својата Веб страница www.privacy.mk.

Со содржината на Програмата за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2015 година (Програмата) се опфатени основните функции на Дирекцијата утврдени со закон.

Носечките активности кои Дирекцијата ќе ги имплементира во 2015 година се систематизирани по области и тоа:

1. Инспекциски надзор;
2. Централен регистар на збирки на лични податоци;
3. Нормативна и аналитичка дејност;
4. Програми и извештаи;
5. Обуки;
6. Проекти;
7. Соработка и консултации со јавниот, приватниот и невладиниот сектор;
8. Европска интеграција, меѓународна соработка и односи со јавност;
9. Комисии, работни тела, управување со системот за квалитет и др.

## II. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

1. Инспекциски надзор

1.1. Редовен инспекциски надзор се врши над примената и спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци и другите прописи донесени врз основа на овој закон. За 2015 година согласно годишната Програма за инспекциски надзор на Дирекцијата е предвидено да врши инспекциски надзор кај контролорите, односно обработувачите во следните области:

1. Образование;
2. Туризам и угостителство;
3. Здравство;
4. Правосудство;
5. Социјална заштита;

6. Адвокатура;
7. Банкарство;
8. Осигурување;
9. Трговија; и
10. Архивски материјал.

Рок: Континуирано согласно месечните планови за инспекциски надзор

1.2. Вонреден инспекциски надзор се врши врз основа на иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице, како и во случај на сомневање на инспекторот за повреда на одредбите од овој закон. Вонредниот инспекциски надзор се врши и во случај по поднесено барање согласно со одредбите од членот 18 на Законот за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци

1.3. Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во решението од извршениот редовен инспекциски надзор за да се утврди дали се извршени решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците/утврдени при редовниот инспекциски надзор.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2. Спроведување на едукација за контролорите/обработувачите во случаите утврдени со Законот за заштита на личните податоци.

Рок: Во текот на календарската година согласно роковите/ барањата од инспекторите.

3. Донесување и објавување на месечни планови за вршење на инспекциски надзор.

Рок: 15-ти во месецот за наредниот месец

4. Изменување и дополнување на месечните планови за инспекциски надзори

Рок: Континуирано во текот на календарската година

5. Извештај за извршените инспекциски надзори за 2014 година.

Рок: Февруари 2015 година

6. Тековни и периодични извештаи (квартални, месечни и други за потребите на Дирекцијата).

Рок: Континуирано во текот на календарската година

7, Водење и ажурирање на збирка за инспекциски надзор (СИН) и подготовка на тековни и периодични извештаи и анализи за инспекциските надзори.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

## III. ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Дирекцијата согласно Законот за заштита на личните податоци води електронски Централен регистар на збирки на лични податоци (Централен регистар). Во текот на 2014 година е направена и ставена во функција нова апликација за регистрација на контролорите и збирките со која се поедноставени процесите а се зголемени можностите за пристап на јавноста како и подготовка на аналитички извештаи. Во Централниот регистар во текот на 2015 година посебно ќе се вршат активности на:

1. Одобрување на пријавите на контролори кои имаат збирки со лични податоци;

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2. Евидентирање на збирки со лични податоци во Централниот регистар по пријава на контролорите

Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Ажурирање на списокот на офицери за заштита на личните податоци што се објавува на ВЕБ страната на Дирекцијата за заштита на личните податоци

Рок: Континуирано во текот на календарската година

## IV. НОРМАТИВНА И АНАЛИТИЧКА ДЕЈНОСТ

1. Изработување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци.

Рок: првото полугодие на 2015 година.

2. Изработување на подзаконски прописи за заштита на личните податоци што ќе произлезат од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци .

Рок: крајот на 2015 година.

3. Издавање на одобренија за обработка на посебни категории на лични податоци согласно член 29 од Законот за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

4.. Издавање на одобренија за пренос на лични податоци во други држави согласно прописите за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

5. Подготовка на мислења по барање на министерствата, други органи на државната управа во однос на материјалите, предлог законите, подзаконските акти и другите предлог прописи од областа на заштита на личните податоци односно кои се на било кој начин поврзани со заштитата на личните податоци, што и ги доставуваат на Владата за разгледување, утврдување односно донесување.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

6. Мислења по прописи објавени на Електронскиот национален регистар на прописи на Република Македонија.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

7. Изготвување на мислења по прашања од областа на заштита на личните податоци по барање на други државни органи и институции, организации утврдени со закон, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и другите контролори, обработувачите и граѓаните.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

8. Мислење по интерни акти – документација за технички и организациски мерки според прописите за заштита на личните податоци по барање на контролорите.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

9. Постапување по претставки и предлози кои се поднесуваат до Дирекцијата од страна на физички и правни лица.

Рок: Континуирано во текот на календарската година ( до 15 дена и рок од 30 дена за сложените предмети од денот на приемот на претставката)

10. Постапување по барања од граѓани за заштита на нивното право на приватност на интернет (социјални мрежи).

Рок: Континуирано во текот на календарската година

## V. ПРОГРАМИРАЊЕ И ИЗВЕШТАИ

Дирекцијата за реализираните активности во 2014 година (инспекциски надзори, реализираните проекти, постапувања по претставки и други тековни активности) во текот на 2015 година ќе изработи:

1. Годишен извештај за работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2014 година.

Рок: Март 2015 година

2. Подготовка на годишни/полугодишни и други извештаи поврзани со други прописи:

2.1. Годишен извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2014 година;

Рок: 10 јануари 2015 година

2.2. Извештај согласно Закон за општата управна постапка;

Рок: Јануари/јули 2015 година

2.3. Извештај согласно Закон за претставки и предлози;

Рок: Јануари/јули 2015 година

2.4. Полугодишен извештај за спроведени обуки согласно Програмата за обуки на државните службеници на Дирекцијата;

Рок: Јануари/јули 2015 година

2.5. Извештај за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците;

Рок: Декември 2015 година

2.6. Извештај за напредокот на Република Македонија во усвојување на правото на Европската Унија.

Рок: два пати годишно - мај и септември 2015

2.7. Извештај за посетеноста на ФБ профилот на Дирекцијата, како и посетеноста на веб - страницата на Дирекцијата, во насока на индикативно прикажување на содржините кои се од интерес за граѓаните и посочување на предлог мерки за натамошно објавување.

Рок: квартално: јануари, април, јули и октомври 2015г.

2.8. Извештај до ЕВРОПРАВДА за имплементација на прописите за заштита на личните податоци во областа на правосудството

Рок: Декември 2015 година.

2.9. Извештај за постапувањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци по барањата и укажувањата на народниот правобранител на Република Македонија

Рок: квартално: јануари, април, јули и декември 2015 г.

3. Подготовка на програми и планови поврзани со работата на Дирекцијата, градењето на кадровскиот капацитет, обуки за контролорите и други:

3.1. Програма за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2016 година.

Рок: Декември 2015 година

3.2. Програма за обуки на контролори и обработувачи за 2016 година.

Рок: Декември 2015 година

3.3. Програма за обуки на вработените во Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2016 година.

Рок: Декември 2015 година

3.4. Годишен План за соодветна и правична застапеност на заедниците.

Рок: Септември 2015 година

## VI. ОБУКИ

1. Дирекцијата во текот на 2015 година ќе спроведува обуки на контролорите и обработувачите согласно утврдената динамика и области определени во годишна програма за обуки на контролори и обработувачи за 2015 година.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2. Континуирана обука на вработените во Дирекцијата согласно утврдената динамика определена во годишна Програма за обуки на државните службеници во Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2015 година

Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Во Дирекцијата ќе се врши континуирана обука преку интерни обуки на работните места како и обуки преку проектите во Дирекцијата и учество на работни состаноци и обуки во земјите членки на ЕУ а за заинтересираните ќе биде обезбедено и микро учење организирано од МИОА

Рок: Континуирано во текот на календарската година

4. Согласно Меморандумот за соработка со Семос Едукација бр.02-1612/1 од 31.07.2013 година, Дирекцијата во текот на 2015 година ќе спроведува Сертифицирани обуки за дигитална безбедност на компјутерски корисници -CSCU согласно Програмата за спроведување на

сертифицирани обуки за дигитална безбедност на компјутерски корисници бр.02-1612/2 од 31.07.2013 година.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

5. Согласно Договорот за уредување на меѓусебните права и обврски за следење на обука за обучувачи и за испорака на обуки за останатите вработени во органите на државната управа за воведување на компетенции бр. 04-2490/1 од 05.09.2014 година, државен службеник од Дирекцијата за заштита на личните податоци ќе одржува обуки за другите вработени во органите на државната управа

Рок: Континуирано во текот на календарската година

6. Дирекцијата во текот на 2015 година ќе се вклучи во обуките за судии и јавни обвинители кои ќе се организираат во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

## VII. ПРОЕКТИ

1. Проекти преку ИПА

Во рамки на Секторско фише од ИПА програмата 2012 – 2013 година, Дирекцијата ќе продолжи со имплементацијата на проектот во текот на 2015 година. Проектот ќе се реализира преку склучување на два договора и тоа: техничка помош во траење од 24 месеци и Договор за набавка на опрема.

Основна цел на техничката помош е:

- Усогласување на националната легислатива со новите реформи за заштита на личните податоци во ЕУ.
- Подобрување на соработката со контролорите и обработувачите.
- Јакнење на механизмите за заштита на лични податоци во различни сектори.
- Да се изработи и имплементира Стратегија за заштита на лични податоци 2017 – 2022.
- Имплементирање на ИСО ИТ стандарди и стандарди за приватност во Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2. Во рамките на Норвешки грант во текот на 2015 година ќе се реализира Проект за континуирана поддршка за унапредување на системот за заштита на личните податоци

Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Проектот „Час по приватност“ е отпочнат во текот на 2014 година и реализирани се активности во сите средни училишта на Град Скопје. Проектот во 2015 година ќе продолжи во средните училишта другите ЕЛС а во Скопје со нова компонента.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

## VIII. СОРАБОТКА И КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНИОТ, ПРИВАТНИОТ И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

1. Дирекцијата дава мислења за усогласеноста на документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и

на актот за начинот на вршење на видео надзор на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2. Дирекцијата дава укажувања за усогласување на работењето на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Дирекцијата одржува консултации со контролорите од јавниот и приватниот сектор и обработувачите за поефикасна имплементација на прописите за заштита на личните податоци.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

4. Дирекцијата соработува со Народниот правобранител на Република Македонија, заеднички ќе организираат конференции и работилници за подигање на свеста за заштита на правото на приватност и заштита на личните податоци

Рок: Периодично во текот на календарската година

## IX. ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА, МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

1. Европска интеграција

1. 1. Придонес во подготовката на документите за апроксимација на домашното законодавство со правото на Европската унија:

- Подготовка на НПАА -2015 -2016 и учество во работната група за политички критериуми за следење на состојбите со имплементација на обврските за Република Македонија за областа – фундаментални права.

Рок. Континуирано во текот на календарската година

- Ажурирање и подготовка на извештаи за имплементацијата на утврдените цели и активности на Дирекцијата;

Рок. Континуирано во текот на календарската година

- Подготовка на периодични извештаи за напредокот на Република Македонија во ЕУ интеграциите.

Рок. Мај/август 2014 година

2. Придонес во процесот на анализа и само оценување на националното законодавство во однос на законодавството на Европската унија.

Рок. Континуирано во текот на календарската година

3. Активно учество на претставници на Дирекцијата во Поткомитетот за безбедност и човекови права.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

4. Придонес во Меѓуресорското тело за човекови права во процесот на креирање на Основниот документ за човекови права на Република Македонија

Рок. Континуирано во текот на календарската година

2. Меѓународна соработка

2.1. Во текот на 2015 година претставници од Дирекцијата активно ќе учествуваат на соодветни настани од областа на заштитата на личните податоци на Советот на Европа, Европската Унија, и другите институции и органи за заштита на личните податоци во Европската Унија и регионот, со цел зајакнување на меѓународната соработка и размена на искуства за унапредување на културата за заштита на личните податоци и тоа:

- Редовно учество на работните состаноци во рамките на Работната група 29 на Европската Комисија;
- Учество на состаноци и пленарна седница на Консултативниот Комитет за заштита на личните податоци при Советот на Европа (T-PD);
- Учество на Годишната конференција на Европските органи за заштита на личните податоци (Пролетна конференција);
- Учество на Интернационалната конференција за заштита на личните податоци;
- Учество на состаноци на Заедничкиот Надзорен Комитет на Европравда;
- Учество на состаноци на Меѓународната група за заштита на личните податоци во телекомуникациите.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

- Учество во работата на Меѓународната група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникации

Рок: Континуирано во текот на календарската година

- Учество во Работната група за заштита на личните податоци при Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2.2. Согласно потпишаните Договорени насоки меѓу Дирекцијата и Офицерот за заштита на личните податоци на ЕВРОПРАВДА и Договорот помеѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА, ќе се одржуваат консултативни средби меѓу двете институции и доставување на редовни извештаи за состојбите со заштитата на личните податоци од надлежните органи за спроведување на Договорот.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

2.3. Дирекцијата и во 2015 година ќе продолжи да поднесува барања за користење на инструментот за техничка помош TAIEX преку кој ќе се побара стручна помош во повеќе различни области од надлежност на Дирекцијата, а преку експертски мисии, студиски посети и работилници. Досега се поднесено 6 кои се очекува да се одобрат и реализираат во 2015 година

Рок: Континуирано во текот на календарската година

3. Односи со јавност

3.1. Спроведување на Стратегијата за комуникација со јавноста (согласно Акцискиот план за 2015 година)

Рок: во текот на 2015 година

-28 јануари – Европски ден за заштита на личните податоци

Одбележување на Меѓународниот ден за заштита на личните податоци со организирање на Национална Конференција за промоција на едукативен материјал наменет за наставни предмети од основното и средно образование.

Рок: јануари 2015 година

- 9 февруари – Ден на безбеден интернет

Соработка со ИТ факултети, НВО и Медиумски активности

- 15 март – Ден на потрошувачи

Реализација на проект за заштита на правото на приватност на корисниците на услугите во еден од носечките сектори

- 22 јуни – роденден на ДЗЛП

-Медиумски активности –

Организација на национална конференција и презентирање на активностите и резултатите на Дирекцијата

3.2. Ревизија на Стратегијата за комуникација со јавноста и предлог за нејзино дополнување и дополнување на Акцискиот план за 2015 година.

Рок: втора половина на 2015 година

3.3. Подигнување на јавната свест и информирањето на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и приватноста преку:

- Веб порталот на дневниот весник „Нова Македонија“ каде граѓаните имаат можност да поставуваат прашања на кои Дирекцијата им одговара, а одговорите се објавуваат секој понеделник;

- Соработка со високо образовни установи и НВО (Студентски парламент и други) во насока на одржување на часови за заштита на приватноста и личните податоци на редовна континуирана основа, преку потпишани Меморандуми за соработка;

- Ќе продолжи соработката со „Просветно дело“ Скопје и ќе се пристапи кон објавување на адаптирани содржини од обласа на заштита на личните податоци во списанијата „Другарче“, „Развигор“ и „Наш Свет“.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

4. Како една од алатките за комуникација со јавноста, Дирекцијата ја користи и групата на порталот за социјално вмрежување Facebook, преку која одговара на актуелните прашања кои се во фокусот на интересот на јавноста и информира тековно за случувањата во сферата на заштита на личните податоци во Европската унија и светот.

Рок: Континуирано во текот на календарската година

5. Како една од алатките за комуникација со регистрираните контролори во Централниот регистар, но и со останатите релевантни субјекти во земјата и странство, а за подигање на јавната свест и афирмација на Дирекцијата се издава електронски весник на Дирекцијата.

Рок: 4 броја во текот на 2015 година8

## X. КОМИСИИ, РАБОТНИ ТЕЛА, УПРАВУВАЊЕ СО СИТЕМОТ ЗА КВАЛИТЕТ

1. Комисија за одлучување по прекршок (Комисија)

1.1 Постапување по поднесените барања од инспекторите и странките за поведување на прекршочна постапка согласно Законот за заштита на личните податоци, разгледување на барањата и постапување (донесување на одлуки, решенија заклучоци и др. акти )

Рок: согласно роковите од Деловникот за работа на Комисијата

1.2 Подготовка на документација по поднесени тужби по донесените одлуки на Комисијата (жалби, известувања, произнесувања и др).

Рок: согласно законските рокови и Деловодникот за работа на Комисијата

1.3 Постапување по донесени пресуди на управните судови и постапување по правосилните и извршни акти на Дирекцијата за заштита на личните податоци и надлежните судови (подготовка на документација подрзана со извршување на правосилните и извршни одлуки за Дирекцијата за заштита на личните податоци кои произлегле од водена прекршочна постапка.

Рок: Согласно законските роковите

1.4 Водење на Евиденција за прекршочните постапки

Рок: Континуирано со водењето на постапките.

2. Преиспитување на системот за управување со квалитет

Со цел контрола на ефикасноста и ефективноста на спроведувањето на функциите на Дирекцијата, ќе се врши преиспитување на процесите предвидени со процедурите од Системот за управување со квалитет. Со Годишен план за изведување на интерни проверки за 2015 ќе се утврдат процесите кои ќе бидат предмет на интерните проверки. Во текот на месец октомври 2015 ќе се врши и сертификациска проверка по добиен сертификат од страна на надворешната ревизија.

Одборот за квалитет ќе врши и преиспитување на системот за квалитет преку

- Преглед на резултатите од интерните проверки на СУК;
- Преглед на резултатите од сите спроведени надворешни контроли во ДЗЛП;
- Реализација на корективните и превентивните мерки од претходните интерни проверки;
- Резултати од испитување на задоволство на странките-анкетните листови;
- Резултати од прашалник за оценување на вработени во последни 6 месеци и резултати од испитување на задоволство на вработени;
- Извештај од поплаки од странките;
- Оценка на целите за квалитет
- Предлози за измени и подобрување во СУК.

За констатираните евентуални слабости од проверките и преиспитувањето на Системот за управување со квалитет, ќе се преземат соодветни мерки.

Рок: во текот на 2015 година